Финансирано од Европска Унија

Европско движење Северна Македонија
European Movement North Macedonia

**ПОВИК ЗА ЕКСПЕРТ/И**

**ЗА**

**ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТ КАКО ПРИЛОГ КОН ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ ОД ДОМЕНОТ НА ЕВРОПСКАТА ИНТЕГРАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

ВО ОБЛАСТИТЕ НА КЛАСТЕР -1 ОД АКТУЕЛАНТА ПРЕГОВАРАЧКА РАМКА ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

во рамки на проектот „Национална конвенција за Европската унија на Република Северна Македонија“, финансиран од Делегацијата на Европската унија во РС Македонија

## 1. ВОВЕД

Проектот „Национална конвенција за европската унија на Република Северна Македонија“, го спроведува Европско Движење во Република Северна Македонија (ЕММК). Општата цел на проектот е демократизација на ЕУ интегративниот процес преку отворен структуриран дијалог меѓу институциите, граѓанските здруженија, судии, јавни обвинители, академската заедница, бизнис секторот и други засегнати страни. НКЕУ-МК како платформа од континуиран карактер овозможува дискусија за витални прашања од петте поглавја во кластер – 1, усвојување на препораки и заклучоци кои би придонесле кон таргетирање на клучните точки на кои треба понатаму да се дејствува за поголема ефективност и ефикасност на преговарачкиот процес.

## 2. ЦЕЛ, НАМЕНА И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

### 2.1. Цел на задачата

Целта на овој документ е да бидат запазени проектните процедури при ангажирање на експерти за изработка на аналитички документ како прилог во градењето на јавни политики од доменот на европската интеграција. Документот е од јавен карактер и треба да ги претстави актуелните прашања од поглавјата во Кластер 1 (Темелни вредности) во периодот на 2023 година потпирајќи се врз анализа на факти (актуелни состојби), усвоени документи од јавен карактер (Извештаи и анализи) релевантни за областа, но и на дијалогот и препораките од Националната конвенција за Европската унија. Документот ќе има авторски карактер во согласност со авторите.

### 2.2. Намена

Намената на ваквата форма на ангажирање на експерти е да бидат ангажирани експерти кои се подготвени да го изработат аналитичкиот документ за придонес кон јавните политики од Кластер 1 (Темелни вредности).

### 2.3. Очекувања

Се очекува аналитичкиот документ да биде изработен на начин кој ќе го поттикне интересот на стручната јавност од оваа област, ќе биде корисен за релевантните институции во овој период на

ЕУ интеграциите, но и документ со кој ќе се придонесе да бидат дефинирани виталните прашања и препораки за нивното надминување – според дијалогот во НКЕУ-МК, но и според препораките од сите релевантни инстанции кои доаѓаат од оваа област. Исто така, преку овој документ ЕММК има за цел да го подобри квалитетот и релевантноста на дебатата во Кластер 1 и да поттикне значајни дискусии и размена на идеи.

## 4. ОПФАТ НА ЗАДАЧАТА

### 4.1. Опис на задачата

При спроведувањето на активностите, експерт/ите треба да биде во редовна комуникација и координација со проектниот тим. Од избраниот кандидат/кандидати се очекува да ги изврши следните активности:

Експертот се обврзува да ги преземе следниве активности:

- Општ преглед на Кластер -1 и социјалниот контекст поврзан со владеењето на правото;
- Осврт кон состојбите во поглавјата од кластер 1:
  Поглавје 23, Правосудство и основни права – Општ осврт кон поглавјето и неговото значење за преговарачкиот процес (контекст на препораките – одговарање на прашањето која е позадината за дефинирање на препораките – НКЕУ или препораки дадени од Европска комисија ... Осврт кон јавните политики од важност за подобрување на состојбите и нивната имплементација)
  Поглавје 24, Правда, слобода и безбедност (исто како и за претходното поглавје)
  Поглавје 5 – Јавни набавки и Поглавје 32 - Финансиска контрола (Заеднички пристап кон сите поглавја – анализа на контекстот на препораките).
- Компаративна анализа (земји од регионот и ЕУ) за практики поврзани со посочените проблеми.
- Општи заклучоци (интерсекторски) засновани на претходната анализа во однос на кластер 1 со посебен осврт на справување и борбата против корупцијата, доброто, владеење, спроведување на правдата, отчетност, одговорност ...)

### 4.2. Продукти

За продукти ќе се сметаат:

- Комплетиран документ за политики за Кластер 1.

### 4.3. Одговорно тело

За имплементација на оваа активност експерт/ите треба да биде во постојана координација со ЕММК.

## 5. ЛОГИСТИКА И ВРЕМЕНСКА РАМКА

### 5.1. Локација

Задачите ќе бидат спроведени на територијата на Република Северна Македонија.

**5.2. Почеток и период на спроведување на задачите**

Очекуван почеток на работата е ноември 2023 година, а за спроведувањето се предвидени се 15 денови согласно наведеното во табелата подолу.

Имплементатор/ите на проектот го задржуваат правото на измена на временската рамка за испораката на нарачаните услуги од страна на експерт/ите во зависност од претходно реализираните активности кои се во рамките на овој проект.

**6. УСЛОВИ**

На овој повик може да се пријави индивидуален експерт или група од експерти кои ги исполнуваат критериумите.

Експерт/ите кој ќе биде ангажиран треба да ги исполнува следниве услови:

- Најмалку високо образование во областа на дискусија на сесиите;
- Најмалку 5 години работно искуство во активности поврзани со темата на сесиите.
- Предност ќе имаат кандидатите кои имаат спроведени истражувања поврзани со темата.

Изборот ќе се направи врз основа на најдобра вредност за понудена цена, при што ќе се земат предвид доставената биографија (резиме) на понудувачите и финансиските понуди. Оценувањето на пријавата се врши согласно следната табела:

| **Квалитет на пријавата** | **Максимум поени: 60** |
|---|---|
| Образложение и биографија | /60 |
| **Финансиска понуда** | **Максимум поени: 40** |
| Финансиска понуда | /40 |
| **Вкупен број поени** | **/100** |

**7. ЦЕНА**

Максималниот бруто износ за финализирање на активностите за кои ќе биде ангажиран експертот/ите не може да надмине 1000 Евра (61.350 денари).

**9. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ**

Експертот/експертите е потребно да ги достави следните документи:

1. Биографија на македонски или англиски јазик, со преглед на релевантно искуство;
2. Финансиска понуда во форматот прикажан во Анекс 2.
3. Пополнета и потпишана изјава од понудувачот (Анекс 3).

Финансирано од Европска Унија

Европско движење Северна Македонија
European Movement North Macedonia

**Напомена:** Документацијата треба да биде испратена на secretariat@europeanmovement.org.mk не подоцна од **30 октомври 2023 година**, со **предмет (subject): Пријава за изработка на аналитички документ за придонес кон јавни политики** од доменот на ЕУ интеграцијата. Исто така, документацијата може да биде доставена до канцеларијата на Европско движење на Ул. Коста Кирков бр.5/8. Избраниот кандидат ќе биде известен по електронски пат.

Секретаријат на ЕММК